Киро КАМБЕРСКИ

# ИСТОРИСКИ ОСНОВИ НА РАЗВИТОКОТ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Основното образование е од витално значење за социјалниот развиток. Тоа претставува темел за доживотното учење и за човековиот напредок. Врз него можат систематски да се надоградуваат понатамошни нивоа и видови на образование и на стручна обука. Солидното основно образование е темел за зајакнување на вишите нивоа на образование, на научната и технолошката писменост и способност, а со тоа и за самостоен развиток. Основното образование треба да им биде овозможено на сите деца, на младите и на возрасните лица.

Овие основни ставови за значењето на основното образование се содржани во *Светската декларација за образование за сите,* усвоена на Светската конференција, одржана во Јомтиен, Тајланд во 1990 година, во заедничка организација на УНИЦЕФ, УНДП, УНЕСКО и Светската банка.

Со оглед на неговото значење, основното воспитание и образование денес е задолжително во сите земји во светот, иако е со различно времетраење, најчесто со 4,5 или 8 години. Во нашата држава тоа трае 8 години и се остварува во единствено осумгодишно основно училиште.

Во овој прилог се прави обид да се согледа развитокот на основното воспитание и образование во Македонија од гледиште на неговите историски основи, односно да се укаже на главните процеси и карактеристики на развитокот на основното воспитание и образование во нашата држава по ослободувањето, до нејзиното конституирање како самостојна и независна држава. Проследувањето на историските основи, без сомнение, има свое посебно значење не само за подобро согледување на актуелните состојби, туку и за неговиот натамошен развиток.

## КОНСТИТУИРАЊЕ И РАЗВОЈ

Основното воспитание и образование во Македонија, иако има над илјадагодишна традиција (првите училишта се јавуваат во IX век), сè до нејзиното ослободување останало недоволно развиено. Непосредно пред Втората светска војна, на пример, во Македонија постоеле и работеле 850 основни (четиригодишни) училишта, со 1 808 пара-

лелки, 95 010 ученици и 1 561 учител, односно со основно образование биле опфатени само 46,2% од популацијата.[1] За наведената состојба речито зборува и фактот што по ослободувањето на Македонија (1945 година) околу 70% од населението над десетгодишна возраст било неписмено односно, според пописот од 1948 година, 48,8% од вкупното население над десетгодишна возраст било без каква и да било школска подготовка.[2]

По ослободувањето и конституирањето на македонаската држава, во рамките на тогашната југословенска федерација, се преземаат мерки за забрзан развој на основното воспитание и образование и за зголемување на процентот на опфатот на соодветната популација. Првите неколку години по ослободувањето, главната грижа била насочена кон што поцелосен опфат на соодветната популација со четиригодишно основно образование, а со цел да се спречи изворот на нови неписмени.

Во овој почетен период се прават сериозни усилби во поглед на неговото нормативно-правно регулирање. Се утврдуваат и донесуваат нови наставни планови и програми, уредби и правилници со кои се регулираат одделни прашања од организацијата и работата на основните училишта.

Со првиот Устав на Македонија, донесен на 31.12.1946 година, основното воспитание и образование е прогласено за задолжително и бесплатно, а училиштето одделено од црквата (чл. 37).[3]

Прв законски документ за основното воспитание и образование во нашата држава е донесен во 1948 година. Според овој закон, основното воспитание и образование трае седум години и тоа е задолжително за сите деца од 7 до 15 години, а се реализира во: посебни државни седумгодишни училишта - седмолетки; четиригодишните основни училишта и првите три класа на гимназијата.[4]

Набргу по донесувањето на Законот за седумгодишно школување се поведува иницијатива за негово продолжување на осум години. Првите осумгодишни училишта (осмолетки) почнале да се отвораат од учебната 1950/51 година. Меѓутоа, задолжително за сите деца од 7 до 15 години, осумгодишното школување станува од 1958 година, со донесувањето на Општиот закон за школство. Оттогаш, па сè до денес, основното воспитание и образование во нашата држава се реализира во траење од осум години и тоа во единствено основно осумго-

[1] Д-р Киро Камберски, Од буквар до универзитет, Скопје, 1994, стр. 73.
[2] Пак таму, стр. 57.
[3] Службен весник на НРМ, бр. 1/47.
[4] Службен весник на НРМ, бр. 38/48, стр. 279.

дишно училиште, како институционална основа на целокупниот воспитно-образовен систем.

Со законската регулатива од 1958 и 1959[5] година, по првата потемелна реформа, се утврдени следните позначајни основни карактеристики на основното училиште кои, речиси, останале непроменети сè до денес:

- основното училиште трае осум години и е задолжително за целата генерација на возраст од 7 до 15 години. Тоа претставува задолжителен минимум на школско образование и воспитание за секој млад граѓанин;
- на него се надоградува системот на разновидните општи и стручни училишта (средно образование) како и системот на установите и формите за образование на возрасните:
- има општообразовен карактер и треба да овозможи солидно современо општо образование како основа за секое понатамошно школување;
- основното осумгодишно училиште нема селективен карактер. Завршените ученици имаат еднакви, односно исти права;
- основното училиште непосредно се поврзува со општествената средина во која тоа дејствува, др.

Покрај овие општи карактеристики, основното осумгодишно училиште, со школската реформа од 1958 година, ја добива и својата организационо-програмска физиономија, која, и покрај подоцнежните промени, речиси во целост ќе ја задржи својата наставно-предметна структура сè до денес.

Наставниот план на реформираното осумгодишно основно училиште го имал следниот изглед:

[5] Народното собрание на НРМ во 1959 година донесува посебен Закон за основното училиште врз основа на Општиот закон за школство. (Службен весник на НРМ, бр. 35/59, измени и дополнувања во бр. 14/65.)

*Наставен план за основното осумгодишно училиште од 1959 година*

| Наставно-воспитни области | Одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1. Мајчин јазик | 6 | 6 | 6 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 2. Запознавање на природата и општеството | 4 | 4 | 4 | - | - | - | - | - |
| 3. Запознавање на природата | - | - | - | 3 | 3 | 3 | - | - |
| а) Физика | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| б) Хемија | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| в) Биологија | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 4. Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 5. Основи на општо-техничкото образование | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 6. Запознавање на општеството | - | - | - | 3 | 3 | - | - | - |
| а) географија | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 |
| б) историја | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 |
| в) основи на социјалистичкиот морал | - | - | - | - | - | 1 | 1 | 1 |
| 7. Српскохрватски јазик | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 8. Странски јазик | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 9. Физичко и здравствено воспитување | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 10. Ликовно воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 11. Музичко воспитување | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 12. Домаќинство | - | - | - | - | - | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно предмети: | 6 | 6 | 6 | 8 | 10 | 13 | 15 | 15 |
| Вкупно часови: | 21 | 21 | 22 | 25 | 25 | 27 | 29 | 29 |

Истиот наставен план се однесувал и за училиштата со настава на српскохрватски јазик, со таа разлика што под 7 се изучува македонски јазик. Во училиштата со малцински наставен јазик, пак, се внесени извесни корекции само во фондот на часовите кај одделни предмети и тоа: под точка 7, каде што се внесува: македонски јазик со 3 часа од III до VIII одделение.

Паралелно со законското регулирање и програмско-дидактичкото физиономирање се развиваше и мрежата на основните училиш-

та, односно перманентно се зголемуваше нивниот број и процентот на опфатот на соодветната популација. Веќе во учебната 1952/53 година, со четиригодишно основно образование биле опфатени 94,6% од популација на возраст од 7 до 10 години, со вишо основно (V-VIII одд.) 49,6% од популацијата на возраст од 11 до 15 години или вкупно во основното образование биле вклучени 71,9% од популацијата на возраст од 7 до 15 години.[6] Десет години покасно (1962/63 год.) во училишните клупи на основното осумгодишно училиште се нашле 87,1% од школско обврзната популација.[7]

Ваквиот позитивен тренд во развитокот на мрежата на основните училишта продолжил и во наредниот период, иако може да се каже дека веќе во овој период таа е релативно стабилизирана. Тоа овозможило натамошно зголемување на опфаќањето на соодветната популација, така што во учебната 1985/86 во основното воспитание и образование се нашле дури 94,3% од школско обврзната популација.

## УЧИЛИШТА СО НАСТАВЕН ЈАЗИК НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ (МАЛЦИНСКИ УЧИЛИШИТА)

Особена грижа се водела за развитокот на основното воспитание и образование на националните малцинства, бидејќи уште со првиот устав на НРМ било загарантирано правото на настава на мајчин јазик, така што паралелно со отворањето на училишта на македонски јазик биле отворани училишта и на јазиците на националностите. Веќе во учебната 1945/46 година, значи првата година по ослободувањето, во Македонија работеле 142 училишта со 15 494 ученици и 264 наставници со настава на албански јазик, 55 училишта со 6 702 ученика и 125 наставници на турски јазик и 7 училишта со 1 166 ученици и 19 наставници на српски јазик.[8] Десет години покасно (учебна 1955/56 година) бројот на училиштата со настава на албански јазик изнесувал 260, со 775 паралелки и 25 893 ученици, на турски јазик 119 со 398 паралелки и 11 406 ученици.[9]

Паралелно со равитокот на мрежата на четиригодишните основни училишта биле отворани и виши основни училишта, односно седмолетки и неполни гимназии, а од 1950/51 година и осмолетки. Таму, пак, каде што немало достатно ученици биле отворани одделни па-

---

[6] Д-р Киро Камберски, цит. дело, стр. 69.

[7] Пак таму, стр. 77.

[8] Општообразователни школи и школи за наставен кадар во Македонија, Скопје, 1955.

[9] Статистички годишник на СРМ за 1968 година.

ралелки со настава на албански, турски и српки јазик при училиштата со македонски наставен јазик (мешани училишта).

Отворањето на училиштата со настава на јазиците на националностите било од особено значење за потврдување на политиката на национална рамноправност во областа на воспитанието и образованието. Тоа е дотолку позначајно ако се има предвид фактот дека во времето на Кралството Југославија (1918-1941), во чии рамки се наоѓала и територијата на Македонија (Вардарска Бановина), припадниците на националните малцинства, исто како и македонскиот народ, немале право на училишта на свој мајчин јазик.

Во учебната 1955/56 година, значи десет години по ослободувањето, од вкупниот број ученици во основното воспитание и образование, 21% биле ученици од националностите, односно веќе во тоа време учеството на учениците од националностите во вкупниот број ученици речиси било на нивото на учеството на националностите во структурата на населението во Македонија, иако процентот на опфатот на децата, особено од албанската националност, од повеќе причини значително заостанува зад општиот процент на опфат.[10]

Во наредниот период доаѓа до натамошно зголемување на бројот на учениците и процентот на опфат, особено од албанската националност. Во учебната 1974/75 година бројот на учениците од албанската националност во однос на бројот од учебната 1958/59, што значи во периодот меѓу двете образовни реформи, е зголемен за повеќе од двојно, од 28 086 на 64 919.[11]

Развојот на основното школство на националностите, како и другото школство, бил придружен со голем број проблеми и тешкотии кои биле решавани во рамките на општите напори за развитокот на глобалниот систем на воспитание и образование во нашата држава.

Во учебната година непосредно пред осамостојувањето на Македонија (1990/91) состојбата на основното воспитание и образование на јазиците на националностите била следна:

[10] Д-р Киро Камберски, цит. дело, стр. 79.
[11] Статистички годишник на СРМ за 1968 и 1976.

*Основни училишта на националностите во учебната 1990/91*

| Наставен јазик | Редовни училишта | | | | Специјални училишта | | | | Училишта за возрасни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Албански | 279 | 2 694 | 72 121 | 3 572 | 1 | 2 | 15 | 2 | 1 | 5 | 98 | 6 |
| Турски | 55 | 218 | 5432 | 288 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Српски | 15 | 79 | 1 209 | 127 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупно | 349 | 2 991 | 78 762 | 3 987 | | | | | | | | |

1 - Училишта; 2- Паралелки; 3 - Ученици; 4 - Наставници
(извор: Статистички годишник на РМ за 1992)

Во однос на вкупниот број ученици (266 813), учениците од националностите учествувале со 29, 5%, само на албански јазик 27%. Просечниот број на еден наставник изнесувал 19,7 ученици, на албански 20,2, а на паралелка 26,3 ученици, само на албански 26,8.

## СПЕЦИЈАЛНО ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Специјалното воспитание и образование се развивало како посебен вид воспитание и образование на децата со пречки во развојот, кои, од разбирливи причини, не биле во можност да ја следат наставата во редовните основни училишта.

Врз развитокот на овој вид воспитание и образование, покрај општите општествено-економски услови, влијаеле и согледаните потреби од социјална заштита и воспитание и образование на овие деца, како и од стручно-научните сознанија врз чија основа се развивала концепцијата на специјалното воспитание и образование.

Во изминатиот период на овој проблем му е посветувано особено внимание. Донесена е соодветна правно-нормативна регулатива; создадена е мрежа на установи и други форми за социјална заштита и воспитание и образование на овие деца, воспоставен е систем на стручна категоризација, изготвени се наставни планови и програми усогласени со видот и степенот на попреченоста, оспособен е соодветен стручен кадар за воспитно-образовна работа со овие деца, утврден е систем на финансирање, а се решавани и други воспитно-образовни проблеми.

Институционалните и концепциските основи на овој вид воспитание и образование во нашата држава се поставени во почетокот на пе-

десеттите години, со формирањето на Завод за дефектни деца во 1949 година во Скопје (од 1951 год. дислоциран во Битола).[12] Во рамките на дејноста на Заводот се направени првите обиди за организирано воспитание и образование на речиси сите категории деца со пречки во развојот (глуви, слепи, логопати и ментално ретардирани). Стекнатото искуство, нешто покасно, ќе придонесе кон овој проблем да се пристапува диференцирано, односно да се основаат посебни установи за основно воспитание и образование согласно со видот и степенот на попреченоста. Така, од учебната 1955/56 година, Заводот за дефектни деца ќе ја продолжи својата работа концентрирајќи се на слухот и говорот.

Во 1954 година е основано посебно Училиште за слепи деца, со задача за згрижување на слепите деца и создавање услови за стекнување со основно воспитание и образование.[13]

Посебна грижа се водела за децата со ментална ретардација, кои биле и најмногубројна категорија. Кон нивното воспитание и образование се пристапувало според степенот на оштетеноста и направената категоризација на лесно, умерено и тешко ментално ретардирани деца.

Основното воспитание и образование на лесно ментално ретардираните деца е санкционирано со закон како задолжително.

Во 1952/53 година во рамките на дејноста на Заводот за дефектни деца во Битола е отворено првото одделение за ментално ретардирани деца. Една година подоцна почнале да се отвораат специјални паралелки при редовните основни училишта, а од учебната 1966/67 и специјални основни училишта за лесно ментално ретардирани деца. Во периодот 1966-1985 година се отворени 6 специјални основни училишта (Прилеп, Битола, Скопје-2, Велес и Ново Село - Струмичко). Во учебната 1985/86 година во сите 6 училишта биле опфатени вкупно 1 022 деца. Истата година работеле и повеќе специјални паралелки при тринаесет редовни основни училишта.[14]

Определени форми за основно воспитание и образование се организирани и во неколку институции за социјална заштита на инвалидизирани и умерено ментално ретардирани деца (Банско-Струмичко и Скопје).

Прв закон со кој се регулираат на сеопфатен начин прашањата на специјалното воспитание и образование во Македонија е донесен во 1961 година.[15]

---

[12] Д-р Љупчо Ајдински, Општествената заштита и рехабилитација на лицата попречени во физичкиот и психички развиток во СР Македонија 1945-1985, Скопје, 1986, стр. 62-67.

[13] Пак таму, стр. 67.

[14] Пак таму, стр. 97.

[15] Службен весник на НРМ, бр. 11/61, измени: бр. 14/65.

По реформата на системот на воспитанието и образованието во 1974 година нормативно-правното регулирање на специјалното воспитание и образование се вклучува во соодветните закони за предучилишно и основно воспитание и образование.

Истовремено со отворањето на институциите за специјално воспитание и образование се работело на оспособување соодветен стручен кадар. До отворањето на Дефектолошките студии на Филозофскиот факултет во Скопје во 1993 години, ваквиот кадар се школувал на соодветните високошколски установи во Белград и Загреб. Во периодот од 1960 до 1970 година во Скопје работел посебен клон на Вишата дефектолошка школа од Белград, а во периодот од 1977 до 1981 година, Центар за вонредни студии на Дефектолошкиот факултет, исто така од Белград. Овие форми значително придонесле за решавањето на проблемот на стучното образование и усовршување на кадрите што работат во формите на специјалното основно воспитание и образование. Во 1985 година, на пример, со оформено вишо дефектолошко образование имало 83 лица, а со високо 33.

Во учебната 1990/91 година, непосредно пред осамостојувањето на Македонија, во областа на специјалното основно воспитание и образование работеле 167 паралелки со 1 724 ученици и 236 наставници во 11 специјални училишта и 32 редовни училишта.[16]

Од крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години се прават напори да се создадат законски и други услови лесно ментално ретардираните деца да можат да се вклучуваат во одделенијата на редовните основни училишта.

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

Еден од најсериозните проблеми со кој се соочувала македонската држава по ослободувањето бил проблемот на неписменоста. Според пописот на населението од 1948 година, 40,3% од населението над десетгодишна возраст било неписмено. Од вкупниот број, пак, на неписмено население, 25,4% отпаѓал на популацијата од 10 до 19 години.[17]

Борбата против неписменоста во почетокот се водела преку организирање аналфабетски курсеви. Само во периодот 1945-1950 година биле организирани 9 836 вакви курсеви, со кои биле опфатени 294 098 слушатели. Од нив успешно завршиле 61,3%.

Од 1954 година како далеку попогодна форма за описменување и општо образование на возрасните почнале да се отвораат *вечерни*

[16] Статистички годишник на РМ за 1992 година, стр. 402.

[17] Статистички годишник на СРМ за 1968 г., стр. 58.

*основни училишта.* Бројот на овие училишта од година во година постојано се зголемувал. Во учебната 1960/61 година веќе работеле 108 вакви училишта, со вкупно 8 453 посетители.

Од учебната 1961/62 година на основното образование на возрасните почнале да работат и Работничките универзитети кои, како установи за систематско образование на возрасните во Македонија, се формираат од 1953 година. Тие, главно, работеле на дооформување на основното образование, односно во нив биле опфаќани лица кои претходно имале завршено IV одделение. Структурата и организацијата на работата биле така поставени што за една година се завршувале две одделенија.

Со развојот на мрежата на редовните основни училишта и со зголемувањето на опфатот на соодветната популација забележителна е општа тенденција на намалување на бројот на основните училишта за возрасни во кои главно биле опфаќани оние кои од разни причини не успеале навреме да го завршат редовното основно училиште.

Во учебната 1990/91 година работеле 25 основни училишта со 74 паралелки и 1 417 слушатели.[18]

## СИСТЕМОТ НА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВЕН КАДАР

Во педесетгодишната историја на развојот на воспитанието и образованието во Македонија, системот на подготовка на наставен кадар претрпел значајни промени.

Македонската држава подолго време се соочувала со проблемот од недостиг на квалификуван наставен кадар. По ослободувањето како учители работеле голем број лица кои немале завршено ниту средно образовние. Основна форма на подготовка биле учителските курсеви. Вакви кусеви биле организирани секоја година за време на летниот распуст, и тоа како за училиштата со македонски наставен јазик така и за училиштата со наставен јазик на националностите. Оваа форма на подготовка, како ургентна потреба, се задржала до 1953 година.

Институционалниот систем на подготовка наставници за основното воспитание и образование, кој почнал да се развива веднаш по ослободувањето, го сочинувале средни учителски школи, виши педагошки школи, односно педагошки академии и факултети.

Првата учителска школа била отворена во Скопје, а започнала со работа во учебната 1944/45 година. Учителски школи биле отворени и во Битола (1945/46), Штип (1946/47) и Тетово 1950/51 година

[18] Статистички годишник на РМ за 1992.

(нешто покасно дислоцирана во Скопје) на албански и турски јазик. Школувањето траело 4 години, а содржината на образованието, главно ја чинеле општообразовни, педагошки, психолошки и уметнички предмети.

Од учебната 1947/48 година се отвораат и виши педагошки школи за образование на наставници за предметна настава. Првата ваква школа е отворена во Скопје (1947/48), потоа во Штип (1959/60) и Битола (1964/65). Од оваа учебна година ВПШ се преименувани во педагошки академии.

По реформата на школството од 1958 година, подготовката на наставничките кадри за потребите на основното воспитание и образование претрпело извесни промени. Така, од учебната 1963/64 година подготовката на учителите е подигната на ниво на вишо образование и таа почнала да се реализира во рамките на ВПШ, односно ПА, така што учителските школи престанале со работа. До почетокот на осумдесеттите години на Педагошката академија во Скопје се подготвувале одделенски и предметни наставници и на јазиците на националностите.

Од 1982 година подготовката на предметни наставници за потребите на основното воспитание и образование е пренесена на наставничките факултети, така што нивното образование е продолжено на 4 години. На педагошките академии останала подготовката на одделенски наставници и натаму со двегодишно траење. Од учебната 1995/96 година образованието и на овие наставници е продолжено на 4 години, а педагошките академии се трансформираат во факултети. Со тоа подготовката на сите наставни кадри за основното образование и воспитание е подигнато на 4 годишно факултетско образование.

Овој кус историски осврт го завршуваме со преглед на основното воспитание и образование во годината непосредно пред конституирањето на Р. Македонија како самостојна и независна држава.

*Преглед на основното воспитание и образование во Македонија во учебната 1990/91 година*
(Извор: Статистички годишник на Р. Македонија за 1992)

| | Вкупно | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишта* | 1 061 | 828 | 279 | 55 | 15 |
| Паралалки | 10 166 | 7 175 | 2 694 | 218 | 79 |
| Ученици | 266 813 | 188 051 | 72 121 | 5 432 | 1 209 |
| Наставници | 12 975 | 8 990 | 3 571 | 288 | 127 |
| Број на ученици во една паралелка | 26,2 | 26,2 | 26,8 | 24,9 | 15,3 |
| Број на ученици на еден наставник | 20,6 | 20,9 | 20,2 | 18,9 | 9,5 |
| Процент на опфат на популацијата од 7 до 15 години | 90,0** | - | - | - | - |

***Клучни зборови:*** *основно образование, малцински училишта, специјално образование, наставници, образование на возрасните.*

* Вкупниот број на училишта не се поклопува, бидејќи во некои училишта наставата била двојазична.

** Републички завод за општествено планирање, Анализа на развојот на РМ во периодот 1991-1995.

## SUMMARY

Kiro KAMBERSKI

**HISTORICAL FOUNDATIONS OF THE DEVELOPMENT OF PRIMARY EDUCATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA**

***Key words:*** *primary education, minority schools, special education, teachers*

In this article the author examine the main processes and characteristics of the development of the primary education in Macedonia in the period from its liberation until its constitution as an independent state. In this context significant questions are elaborated:

- Constitution of the institutional foumdation of the primary education;
- Expansion of the primary schools and involvement of the sudents within;
- Development of the minority schools;
- Special primary education and adult primary education.